## За ЦРИС Студиорум

Центарот за регионални истражувања и соработка “Студиорум“ (ЦРИС Студиорум) е невладина тинк-тенк организација која работи на економските и социјалните аспекти на европската интеграција и процесите на глобализација кои се од значење за нашата земја и земјите на Југоисточна Европа. Оваа мисија се остварува преку различни програми насочени кон јавните политики и истражувачки проекти кои придонесуваат кон и се комплементарни на креирањето на јавните политики и нивна имплементација како и поддршка кон централната и локалните власти, бизниси и невладин сектор во нивната комуникација и соработка.

ЦРИС Студиорум е формиран во февруари 2002, како независна истражувачка НВО. Организацијата се состои од 4 оддели: оддел за јавно здравство и прашања од животната средина, оддел за децентрализација и активно граѓанство, оддел за социјална инклузија и оддел за нови медиуми и општество.

## Децентрализација/ активно граѓанство

Со процесот на децентрализација во нашата земја, во овој стадиум, од локалната власт се очекува да покаже висок степен на компетентност да ги извршува новите 26 надлежности кои се трансферирани од централната власт. Многу активности се потребни на терен да ги поддржуваат активностите на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во извршувањето на нивните нови должности како и мониторинг на нивната работа во однос на испорачувањето на услугите и одговарање на потребите на граѓаните. ЦРИС Студиорум во најголема мера е вклучен во активниот мониторинг на планирање на буџетот во општините како и обучување на граѓаните како да станат еднакви партнери и да го дадат својот глас во општеството.

Понови проекти/ анализи на политики:

1. Обука за активно граѓанско учество во општините Битола и Прилеп (2009)
2. “Борба против корупција за подобро управување“ (2009) конференција и мапирање на иницијативите и постоечките програми за борба против корупција во земјата. Во соработка со ФПДЛ, Романија и УНДП Мисијата во Македонија.
3. Програма за практичари по антикорупција – анализи на состојбата во локалната самоуправа. Во соработка со ФПДЛ, Романија и Институт на светска банка (2009)
4. Анализа на регулативата и имплементацијата на просторното и урбаното планирање на локално ниво во Албанија, Косово, Македонија, Молдавија, Република Српска и Турција и споредбена анализа со Данска (2009)
5. Обука за активно граѓанско учество во општините Велес и Пробиштип (2008-2009)

студиорум
Центар за регионални истражувања и соработка

**адреса.** Никола Парапунов бб,
ПФах 484, 1000 Скопје,
**тел/факс.** +389 2 3065 837
**e-mail.** office@studiorum.org.mk
http://www.studiorum.org.mk



# АКТИВНО ГРАЃАНСТВО, ЛОКАЛНИ ВЛАСТИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

Брзите промени во Европската Унија ја прават сé поголема потребата за вклучување на граѓаните во процесот на размена на информации и развивање на дебата за иднината на Европа. Со промоција на овој процес на локално ниво, локалните власти и граѓанското општество имаат важна улога и нивната заедничка заложба претставува главен предуслов за развој на локалните заедници.

Активностите на пилот обуката за активно граѓанство се насочени кон локалните власти, општините, униите и конзорциумите на општини, како и организации од граѓанското општество, младински организации, родови групи, економскиот сектор, синдикати, волонтерски организации и други.

Соработката помеѓу локалните власти и граѓанското општество прави синергија и го промовира мултиплицирачкиот ефект кој претставува движечка сила за локалните заедници, за нивниот развој и за поттикнување на нивното учество во демократските процеси.

Council of Europe / Conseil de l'Europe
Education and Culture DG
Europe for Citizens Programme
Association of the Local Democracy Agencies

St студиорум
Центар за регионални истражувања и соработка

# Пилот обука за активно граѓанство

## [Модул А]

После првиот успешен круг на имплементација, Центарот за регионални истражувања и соработка Студиорум со поддршка на Асоцијацијата на агенции на локална демократија (АЛДА) го спроведе вториот круг пилот обуки за активно граѓанство во Македонија. Овој пат пилот обуката се одвиваше во општините Битола и Прилеп. Според стандардниот модел на пилот обуките, истиот вклучи претставници од единиците на локалната самоуправа и од граѓанските организации. Првиот модул од обуката се одржа на 6 и 7 ноември 2009 година во Битола. Учесниците на обуката од двете општини имаа можност да ги споделат своите искуства со другите учесници на две сесии, една за претставниците од локалната самоуправа и една сесија за претставниците од граѓанските организации. Скенирајќи го локалниот контекст, двете општини споделија практики преку кои се обидуваат да ја зајакнат соработката со граѓаните и граѓанските организации. Така, од општината Прилеп беа изложени примерите со формираните таканаречени „урбани заедници“, додека пак од општината Битола беа претставени примери за соработка од областите на културата, заштитата на животната средина, итн. Сесијата со претставници од граѓанските организации од двете општини работеше на идентификување на етичките и моралните вредности на примерен граѓанин и на бариерите за граѓанско учество. Презентацијата на програмата „Европа за граѓаните“ беше дел и од двете сесии. Истата беше проследена со голем интерес и од претставниците од општините и од преставниците на граѓанските организации.





## [Модул Б]

Модулот Б претставуваше заедничка сесија за претставниците на локалните самоуправи и граѓанските организации. Домаќин на овој настан беше општината Прилеп, а настанот се одржа во просториите на Фондацијата за поддршка и развој. Акцентирањето на важноста на дијалогот и взаемното разбирање беше цел на првата сесија на овој модул кој ги обработи повторно и бариерите во активното граѓанско учество идентификувани на посебните сесии на првиот модул. Учесниците имаа можност едни пред други да ги изнесат своите ставови од гледиште на локалната власт и граѓанскиот сектор. Поделени во групи, учесниците работеа на решавање конкретен пример на локален проблем при што претставниците од граѓанските организации се најдоа во улога на локални власти, а оние на општините во улога на граѓани или на претставници од граѓански организации. Оваа средба им даде на учесниците можност за размена на искуства, за започнување дијалог кој цели кон креативно решавање на некои од прашањата покренати за време на дискусиите на модулите и надминување на бариерите за граѓанско учество, како еден од првите чекори кон европско граѓанство.





## Главни придобивки од обуката

Обуките имаат за цел да им дадат можност на учесниците да го надградат своето знаење, да ги развијат своите вештини и компетентност во:

- запознавање на програмата „Европа за граѓаните“
- разбирање на концептот на неформално учење за активно Европско граѓанство
- партиципативни прашања во различни Европски земји
- меѓу-културни компетенции
- вештини за собирање, селекција и давање информации
- вештини за презентација на специфични информации и идеи
- вештини за откривање, анализа и адекватно обраќање до потенцијалните корисници на Програмата
- вештини за мотивирање
- вештини за планирање, водење и евалвирање на мултиплицирачки проекти
- знаење за лобирање и механизми на вмрежување
- развивање на преговарачки вештини

## Што е потребно за граѓанско учество

- Информираност
- Недискриминација
- Материјални ресурси
- Пошироко учество
- Слобода на изразување
- Одржливост
- „Слух за различност“
- Двонасочна комуникација (информирање, јавна дискусија)
- Транспарентност

## Цитати и коментари од учесниците

*„...Активното граѓанско учество значи активно учествување во решавањето на сите проблеми на кои произлегуваат од заедничкото живеење во одредено време и простор (информирање, идеи, програми за разрешување одредени проблеми, учество во разни акции од заеднички интерес)...“*

*„...Темите одбрани за обуката беа идеални, поучни и секоја претставуваше нова приказна за себе...“*

*„... Активното учество подразбира граѓаните надвор од политичките партии и од државните институции активно да учествуваат во демократските процеси на одлучување, иницирање на решенија и увид во одлуките на власта, односно граѓаните да имаат корективна улога и чувство дека се засегнати и прашани за одредени решенија од политичкиот и секојдневниот живот....“*

*„... Обуката беше одлична можност за размена на ставови за идентификување на состојбата и на различните мислења...“*

*„...Треба почесто да се организираат вакви средби помеѓу преставниците од локалната самоуправа и од општините каде што редовно ќе се дискутираат овие теми ...“*

*„... Обуката ми помогна да ги проширам своите видици за концептот на активно граѓанско учество...“*

*„...Формирање на комисија за НВО од претставници на ЛС и граѓанските здруженија со задача да дава предлози и мислење за сите позначајни активности во Општината, поврзани со развој на граѓанскиот сектор...“*